

**ДАНИЕЛА КАРАЃОЗОСКА: Со влезот на Хрватска во ЕУ, Македонија добива гласен поддржувач и лобист**

**Самобор повторно средиште на македонската култура**



# МАКЕДОНСКИ ГЛАС


Година XX 2012.
НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ
STUDENI – PROSINAC
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

**БРОЈ 80**





**За десет години само 132 Македонци помалку во Хрватска**




**Со влезот на РХ во ЕУ, правата на Македонците нема да се намалат**

# ACEROLA ALKALOID®

DODATAK PREHRANI

tablete za žvakanje




## prirodan vitamin C

- Prirodan izvor zdravlja
- Jača imunitet
- Snažan antioksidant
- Ugodnog okusa jagode i naranče
- Ne sadrži šećer

ALKALOID SKOPJE

*Health above all*

www.alkaloid.com.mk

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu.

OGL-149-01-01-2012-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Викторија Ѓорѓевска - Риека
Мирјана Мајиќ – Задар
Биљана Митревски - Сплит
Тодор Брдарски – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Орце Ламбевски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.



ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.


## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak



# Доста е!

Уште една година остана зад нас. Година на превирања, искушенија, докажувања... Време во кое нестрпливо очекувавме да се случи нешто, што би ни донело подобра иднина. Будно ги следевме случувањата и во Хрватска, земјата каде што живееме, и во нашата татковина Македонија, но и сè она што е актуелно во светот.

Хрватската приказна ја одбележаа неколку значајни настани, кои испливаа на површина и тоа главно беа врзани за донесени пресуди. Ослободителните пресуди на хрватските генерали од Хаг, судењето на поранешниот премиер Иво Санадер (десет години за мито и корупција), како и пресудата на потпретседателот на Хрватската влада, Радомир Чачиќ, кој молскавично мораше да ја напушти челната позицијата во Владата.

Македонската приказна главно се сведуваше на браникот на докажувањето на сопствениот идентитет. Како да му докажеме на светот дека сме Македонци и ништо повеќе? Разговори со дипломати, со странски челници, релевантни фактори. И очекувања, дека конечно, некој во Европската унија ќе удри на маса и ќе рече – доста е! Доста е ова што го прави Грција! Но, очигледно грчкото лоби преку барата е посилно од нашето, а се знае кој ги влече конците во светот.

Во Македонија имавме немири и тепачка во Парламентот, четворокатно убиство кое го обиколи светот, а и првиот македонски претседател Киро Глигоров почина. Лекарите штрајкуваа, а Албанците прославуваа во знакот на стогодишнината на Албанија.

Зад Заедницата на Македонците во Хрватска останува уште една успешна година. Година на негувањето на нашиот културен идентитет и јазик. Се реализираа бројни манифестации, настани, гостувања, а годинава беше застапена и богата издавачка дејност на македонски автори кои творат во РХ. На страниците на своите книги тие и тоа како забележаа значајни мисли, мисли со кои можеме како Македонци во Хрватска да се гордееме.

Она што ни останува во годината пред нас е да го држиме зацртаниот курс и како македонска дијаспора да се докажуваме кои сме.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)



# Избран нов претседател на ЗМРХ

На редовното изборно Собрание на Заедницата на Македонците во РХ на 21 април 2012 година, за нов претседател е избран Орце Ламбевски. Во трката за претседателското место влезе и Јагода Цветичанин, долгогодишна претседателка на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек. Ламбевски по стапувањето на новата функција истакна дека ќе работи исклучиво за интересот на Македонците во Хрватска. Во ЗМРХ членува од 2000 година. Неколку години бил потпретседател на МКД „Охридски бисер". Ламбевски на претседателската позиција го наследи Ангел Митревски кој шест години ја извршуваше челната функција во Заедницата.

# Две децении дипломатски односи меѓу РМ и РХ

Со донација од 130 томови македонска книжевност на македонски јазик за Научната и универзитетска библиотека во Загреб и со концерт на виртуозот на клавир Симон Трпчески во „Лисински", беше одбележан јубилејот – 20 години од воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Хрватска. По тој повод на 30 март во Хрватска престојуваше македонската министерка за култура Елизабета Канческа-Милевска, која оствари кратка средба и со претставници на ЗМРХ и изрази подготвеност за поддршка на проектите на Заедницата.



# Посета на министерот за надворешни работи Никола Попоски



За време на посетата на министерот за надворешни работи на РМ Никола Попоски во Хрватска, на 6 јули тој ја посети Заедницата на Македонците во РХ и оствари пријателска средба со претставници на македонските асоцијации во Загреб. Тој беше запознат со активностите и проектите на ЗМРХ, кои се финансираат од хрватската влада, но истовремено беше побарана поддршка и од македонската влада, за што министерот Попоски вети дека ќе ја разгледа можноста за поддршка во решавањето на заедничките интереси за понатамошна афирмација на македонската култура во Хрватска.

## Одбранета првата македонистичка дипломска работа во Риека

На Филозофскиот факултет на Универзитетот во Риека, на 29 мај 2012 година беше одбранета првата македонистичка дипломска работа од студентката Амра Бркиќ, под менторство на проф. д-р Васил Тоциновски. По неа, следуваа уште десетина дипломски трудови посветени на значајни творци и дела од македонската литература во 19. и 20. век. Како што вели проф. Тоциновски, тоа е дел од комплексот интереси на студентите кои со изучување на македонскиот јазик се вклучуваат и во преведувањето, односно пренесувањето на македонската литература на хрватски јазик.

## Пет години без Тоше

Сеќавања за македонскиот пејач Тоше Проески, кој трагично го заврши својот млад живот токму во Хрватска, во октомври беа организирани од македонската амбасада и македонските културни друштва. Со литургија, вечер на сеќавање, ракометен хуманитарен натпревар и ултрамаратонот од Нова Градишка до Крушево беше одбележан трагичниот настан.



## Летни училишта на Шолта и во Охрид



Македонски јазик се учеше летово на Шолта и во Охрид. Околу 70 ученици првата седмица од август го посетија летниот камп во „Еуроклуб“ во Рогач, каде се запознаа со дел од македонската култура, традиција и јазик. По петти пат, со помош на хрватската влада се реализираше проектот со кој македонската дијаспора кај младата генерација успева да го сочува својот јазик и идентитет. Агенцијата за иселеништво на РМ и во 2012 година во Охрид го организираше Летното училиште по македонски јазик за децата од дијаспората.

## Училиште по македонски јазик и во Винковци

Од септември, македонски јазик се учи и во Винковци. Наставата се одвива во ОУ „Иван Мажураниќ“, а 30-те ученици се распоредени во три групи според возраста. Предавањата ги организира Весна Соколовска Паниќ, која ја одржува наставата и во Вуковар, каде 13 ученици го изучуваат македонскиот јазик и култура.

# За десет години само 132 Македонци помалку во Хрватска

*Генерален тренд е намалување на бројот на населението во цела Хрватска. Од претходниот попис во 2001 година, до 2011 година кога е реализиран последниот попис, евидентирани се 152.571 жител помалку*




Во декември се објавени резултатите од пописот на жителите во Хрватска од 2011 година. Според официјалните податоци во Хрватска се регистрирани 4.138 Македонци, што е за 132 жители помалку од пописот пред десет години. Тренд на намалување на бројот на населението е забележен и на ниво на Хрватска, каде според последните показатели се евидентирани 4.284.889 жители, што е за 152.571 жител помалку отколку што тоа го покажал пописот во 2001 година.

– Бројот од 132 Македонци помалку кој се јавува во резултатите од последниот попис воопшто не е загрижувачки. Ако се земе предвид природното намалување на населението, асимилацијата, бидејќи третата генерација Македонци се запишува како Хрвати, но и миграцијата, ние како национално малцинство и добро стоиме, за разлика од други малцинства во Хрватска каде се јавуваат по илјади лица помалку, вели Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства при Владата на РХ и потпретседател на Заедницата на Македонците во РХ.

Ваквото намалување на бројот на Македонците, всушност го следи и генералниот тренд на намалување на населението во Хрватска. Она што го покажа овој попис во однос на Македонците е верската припадност и тоа како православни во Македонската православна црква. Овде голема улога одигра МПЦ во Хрватска и ЗМРХ со агитацијата врз Македонците кои можеа во пописните ливчиња, покрај верата да ја наведат и припадноста на црквата, па така се пријавени 2.401 православен верник во МПЦ.

Во Хрватска живеат 2.066.335 мажи и 2.218.554 жени. Поголемиот број од нив, односно 3.697.143 се католици, а потоа следат православните верници – 190.143, муслимани – 62.977, протестанти – 14.653, останати христијани – 12.961... Над 163 илјади лица се изјасниле како атеисти.

Според податоците што ги објави Државниот завод за статистика, за 4.096.305 жители хрватскиот јазик е мајчин јазик, српскиот е мајчин јазик за 52.879, албанскиот за 17.069, а македонскиот за 3.519 лица.

Инаку, најголем број Македонци во Хрватска е регистриран во 1991 година и тоа 6.280 лица. Пописот во 2001 година покажа дека како Македонци се изјасниле 4.270. Во 1930 година имало само илјада Македонци во Хрватска, а во 1971 година – 5.625.

М. Г.

# Македонци на школување на Хрватското воено училиште во Загреб

Во Офицерскиот дом на ХВУ „Петар Зрински“ во Загреб, на 13 септември 2012 година се одржа церемонија по повод почетокот на школувањето на Хрватското воено училиште.

Заедно со вработените и студентите на сите нивоа на образование, на церемонијата присуствуваа началникот на Генералштабот на хрватската армија, генерал-потполковник Драго Ловриќ, командантот на Копнената војска, генерал-мајор Драгутин Репинц, командантот на Командата за логистичка поддршка, генерал-мајор Мате Остовиќ, в.д. директорот на ХВУ, бригадниот генерал Славен Здилар и други претставници на Министерството за одбрана и вооружените сили на РХ.





*На церемонијата по повод почетокот на школувањето на ХВУ*

ХВУ се стреми да школува современи, високо-квалитетни и добро опремени офицери и подофицери, компатибилни со оние на НАТО Алијансата.

Во учебната 2012/2013 на ХВУ во шест нивоа на образование (3 офицерски и 3 подофицерски), започнаа да се школуваат 298 студенти, од кои 14 од странски земји (Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија и Словенија). Од Македонија учествуваат тројца офицери и еден подофицер. На Воениот колеџ се усовршува потполковникот Марјан Симоновски, на Командно-штабната академија за командантски должности се подготвуваат мајорите Стојанче Костов и Блерим Исмаили, додека на Високата подофицерска школа, своето знаење и искуство го надградува наредникот Наце Ристов. Обуката ќе трае до 25 јуни 2013 година, кога ќе се одржи и свечената промоција на сите студенти.

Е. П.

# Македонски зимски обичаи

На 6 декември 2012 година во Меѓународниот центар за услуги во културата Травно во Загреб, Хрватско македонското друштво на пријателство во рамките на циклусот „Познати и непознати патеки на пријателството“, а под покровителство на Министерството за надворешни и европски работи на РХ и Градската канцеларија за култура, образование и спорт на градот Загреб, одржа претставување на македонските зимски обичаи што со векови се негувале за време на новогодишните и божиќните празници.





Меѓу гостите во преполната сала беа присутни и новата амбасадорка на Македонија во Хрватска, Даниела Караѓозоска, претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Орце Ламбевски, свештеникот на Македонската православна црква во РХ, протојереј Кирко Велински, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, претседателот на МКД „Македонија“ од Сплит и член на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски, претставници на МКД „Охридски бисер“ и многу други Македонци и нивни пријатели.

Претседателката на Хрватско македонското друштво на пријателство, Јудита Реј Худечек зборуваше за многуте традиционални македонски зимски обичаи, а на амбасадорката Караѓозоска и припадна честа прва да скрши парче од бадниковата погача со паричка. Женската вокална група „Езерки“ запеа неколку македонски народни песни, а присутните им се придружија развивајќи македонско оро. Одлично расположените гости имаа прилика да се почестат и со домашните македонски кулинарски специјалитети што за оваа прилика ги подготвија членките на Хрватско-македонското друштво.

Е. П.

**ДАНИЕЛА КАРАЃОЗОСКА, АМБАСАДОРКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

*Новата амбасадорка на Република Македонија во Хрватска е Даниела Караѓозоска. Успешна жена, која зад себе има изградено кариера како менаџерка – сопственик на Дом за стари лица во околината на Скопје, а воедно беше и претседателка на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ на РМ. Со неа поразговаравме со цел да ја претставиме на нашата читателска публика, но и да ги дознаеме нејзините очекувања и стремежи за време на нејзиниот амбасадорски мандат во Загреб*



# Со влезот на Хрватска во ЕУ, Македонија добива гласен поддржувач и лобист

**Доаѓате во еден врвен дипломатски центар, Загреб, каде ќе ја претставувате РМ и незините интереси. Очекувате ли поддршка од Република Хрватска за нашата земја која се најде на голема препрека на патот кон евроатланските интеграции?**

– Претставува несомнена привилегија и голема чест да се извршува амбасадорската функција во една блиска земја со која споделуваме многу заеднички нешта. Поддршката од секоја земја значи многу, но кога таа доаѓа од пријателска држава како Хрватска, има уште поголема важност, бидејќи станува збор за безусловна, искрена и безрезервна поддршка. Буквално на секоја средба, во секој разговор со политичките чинители во Република Хрватска, добиваме навистина голема поткрепа, што е само уште една рефлексија на одличните билатерални односи меѓу двете земји.

Длабоко сум уверена дека заеднички ќе успееме да ги реализираме заложбите за евро-атлантско интегрирање на Република Македонија во ЕУ и НАТО што ќе биде од големо значење за Македонија, но и за стабилноста на регионот и дополнително ќе ги зацврсти релациите меѓу РМ и РХ како рамноправни членки на овие организации.

**Можете ли да ни ги кажете Вашите први впечатоци од Загреб. Како го почувствувавте градот, земјата? Покрај работниот ангажман и обврски, имате ли некакво хоби, или нешто со што сте преокупирани во слободното време?**

– Загреб е динамичен град, со европски манири на метропола, но и со своја душа и специфичен начин на пулсирање кој одговара на нашиот македонски менталитет. Иако поминаа само три месеци од моето доаѓање на амбасадорската функција, воопшто не чувствувам дека живеам и работам во туѓа земја. Напротив. Луѓето се гостопримливи, отворени, со широко срце и нема да погрешам ако кажам дека веќе се чувствувам како дома. Што се однесува до слободното време, речиси и да го немам со оглед на секојдневните работни активности. Но, работата ме исполнува и недостигот на слободно време не го сметам за хендикеп, туку за реална последица на дипломатскиот живот.

**Хрватска е и официјално пред влезот во Унијата, до тој чин остануваат само уште пет месеци. Таа помина низ трнлив пат како би му се придружила на европското семејство. Колку би можело хрватското искуство со помош на дипломатијата да го искористи Македонија?**

– Хрватското искуство е исклучително важно за Република Македонија имајќи предвид дека Хрватска е следната земја од регионот која ќе стане членка на Европската Унија. Со внимание го следиме секој чекор од пристапувањето на РХ кон ЕУ и го нотираме како важна референца за македон-



ското досие. Република Македонија вложува огромни напори да ја валоризира заслужената препорака за почеток на преговорите кои ќе и овозможат на РМ да придонесе кон позитивниот евро-моментум на Балканот и што е уште поважно, на тој начин ќе се одржи и засили реформското темпо на нашата држава, позитивно ќе влијае врз меѓуетничката кохезија и ќе ги мотивира сите чинители во општеството да се обединат околу заедничката евро-перспектива на земјата.

**Постои потенцијал да се зголеми економската соработка, која за жал, не ја следи добрата културна и политичка соработка. Како во овој правец би дејствувала македонската амбасада во Загреб?**

- Во услови на рецесии и кризи, динамизирањето на економските односи и зголемувањето на трговската размена меѓу двете земји треба да ни биде заедничка цел. Владата на Република Македонија вложува многу енергија во зајакнувањето на економската дипломатија. Една од клучните задачи на Амбасадата ќе биде промоцијата на инвестициските можности кои ги нуди нашата држава, на поволностите за вложување и отворање бизнис, на туристичките потенцијали, вино – производството и искористувањето на македонските земјоделски капацитети.

Исто така, ќе посветиме внимание и на меѓудржавната соработка во локалната самоуправа преку механизмот на збратимување општини од Република Македонија и Република Хрватска кои имаат компатибилна социјално-економска структура и би овозможиле полесно користење на европските фондови во облик на финансирање заеднички проекти на локално ниво.

**И претседателот на РХ Иво Јосиповиќ, кога ги предадовте акредитивите во декември истакна дека Хрватска е искрен поддржувач на Македонија. Сметате ли на интензивирање на соработката во сите сфери на интерес за двете земји?**

- Апсолутно. Со нетрпение го очекуваме денот кога Хрватска ќе стане членка на ЕУ со надеж дека Македонија и во иднина ќе се наоѓа високо на надворешно – политичката агенда на Република Хрватска. Со влезот на РХ во Европската Унија, нашата држава ќе добие уште еден гласен поддржувач и сериозен лобист во големото европско семејство. Навистина, двете земји имаат темелна соработка во сите сфери на општественото живеење и очекувам таа и во иднина да се развива.

Милена Георгиевска

## Македонската дијаспора клучна алка на мостовите на двете земји

**Македонската дијаспора очекува добра соработка и поддршка од македонската амбасада во Загреб. Тие преку Заедницата на Македонците во РХ организираат доста активности со посредство на хрватската држава, но очекуваат и искрена помош од македонската страна. Што би сторила Караѓозоска во однос на дијаспората која всушност е вистинскиот мост на поврзување на двете земји?**

- Македонската заедница во Република Хрватска со децении е “modus vivendi“ на креативната заемна поврзаност меѓу двете држави, таа е клучната алка во синџирот на културните мостови кои ги поврзуваат двете нации, општества и традиции. Велат, духовно и културно побогати се луѓето кои имаат две татковини – сегашната во која живеат и онаа од која потекнуваат. За себе ја имаат привилегијата да творат и битисуваат во една културна средина, а да ги негуваат и продолжуваат обичаите и вредностите кои се цврсто врежани во нивните корени. Ние како Амбасада сме горди што секој Македонец во оваа земја ја има улогата и на амбасадор на македонската култура, јазик и традиција. Само на овој начин, културниот одраз може разликите да ги направи помали и неважни, а нишките кои не спојуваат – повидливи и уште подлабоки.

Амбасадата во Загреб му дава посебно значење на одржувањето и негувањето на врските со бројната македонска дијаспора во Република Хрватска. Во секојдневните контакти со иселениците од РМ, неизбежен е впечатокот дека постои голем интерес за воспоставување уште поблиска соработка меѓу Амбасадата и нашинците кои живеат ширум Хрватска. Амбасадата е сервис на македонските државјани, но меѓусебната зависност е взаемна. Воспоставувањето директен контакт со организациите на иселениците од Македонија во РХ може да биде мошне продуктивно, да развие нови проекти, да покрене нови иницијативи.

# Правата на малцинствата со влезот во ЕУ нема да се редуцираат

*На тридневен семинар во Задар се расправаше за малцинствата во Хрватска, за нивните права кои треба да бидат еднакви со оние на Хрватите*

„Правата на малцинствата никако не смеат да се нарушат или редуцираат“, рече Александар Толнауер, претседател на Советот за националните малцинства при Владата на РХ, како одговор на прашањето „Што ќе биде со правата на националните малцинства кога Хрватска ќе влезе во ЕУ“ на семинарот во Задар. Настанот се одржа на 8, 9 и 10 ноември 2012 година во хотелот Фалкенстеинер – Борик, каде учествуваа претставници на национални малцинства од повеќе жупании од Хрватска.

Од Македонците во Хрватска беа присутни Ангел Митревски, член на Советот за националните малцинства при хрватската Влада, потпретседател на Заедницата на Македонците во РХ и претседател на МКД „Македонија“ од Сплит и Мирјана Мајиќ, претседател на МКД „Билјана“ од Задар и претставник на македонското национално малцинство во Задарската жупанија. Исто така, беа присутни и претставници на другите малцинства во Хрватска – Срби, Албанци, Бошњаци, Италијанци, Словенци, Роми и Црногорци.



*Мирјана Мајиќ и Ангел Митревски меѓу учесниците на семинарот*

Темите за кои се расправаше и кои побудија голем интерес беа „Десет години од уставниот закон за правата на националните малцинства: предизвици и промени“, „Културна автономија – темел за остварување на клучните малцински права“, „Интеркултуралното образование како метод за зачувување на културната автономија на националните малцинства“, „Културно-историското наследство и развој на мултиетничките заедници“, „Мултиетничноста како Истарски регионален идентитет“ и „Улогата на медиумите и развој на културната толеранција“.

Во улога на предавачи се најдоа проф. д-р Синиша Таталовиќ, д-р Ружица Јакешевиќ од Факултетот за политички науки во Загреб, Александар Толнауер – претседател на Советот за националните малцинства при Владата на РХ, м-р Антонија Петручушиќ од Правниот факултет во Загреб, проф. д-р Драго Роксандиќ од Филозофскиот факултет во Загреб, Силвио Форза, директор на издавачката куќа ЕДИТ од Риека и проф. д-р Стјепан Маловиќ, Филозофски факултет, Загреб и Високо училиште Верн.

Се развија и дискусии, а највпечатлива расправа се разви околу еднаквите права на националните малцинства со правата на хрватскиот народ во Хрватска. Секоја личност мора да се почитува подеднакво. Стана збор и за училиштата на малцинствата, поточно одржување на настава на нивниот јазик.

Во врска со користењето на пишаните и електронските медиуми, беше потенцирано дека недоволно се проследуваат активностите на малцинствата од страна на државната телевизија, додека некои малцинства или малцински друштва сепак успеале да остварат соработка со локалните радија, како на пример, Сплит и Задар. Меѓу другото, беше даден акцент на погрешниот датум на изборите за малцинствата, поради што не можеа сите да излезат на истите. Значајно учество во дискусиите зедоа Ангел Митревски и Мирјана Мајиќ.

Тридневниот семинар го организираа „СТИНА“ – Сплит, Советот за националните малцинства на РХ и др.

Мирјана Мајиќ

# Меѓународен ден на човековите права

*Еден поинаков поглед на припадниците на националните малцинства беше прикажан преку кратките документарни филмови „Амра - владетелка на знаењето“, „Добриот дух на Ѓаково“, „Две пријателки“, „Ведетовиот сон“ и „Светот на Софија“. Пет групи на средношколци од Осиечко-барањската жупанија режираа, снимија и монтираа пет автентични приказни за припадници на националните малцинства*




По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човековите права, на 9 декември 2012 година во големиот шатор на Кватерниковиот плоштад во Загреб, Отворената медиумска групација (ОМГ) во соработка со партнерите од Центарот за културни дејности кои веќе традиционално ја организираат програмата „Адвент на Кватриќ“, одржа прослава во рамките на ИПА проектот на ЕУ за Хрватска под назив „MINORITY – 3D (Diversity, Dialogue, Development)“.

Програмата ја водеше Жељко Лончариќ, а гостите во името на организаторите ги поздрави Анита Јука. На прославата учествуваа организации и културно-уметнички друштва на националните малцинства во РХ, кои низ игри, песни и ракотворби го претставија богатството на својата култура. Пред многубројните гости настапија членовите на „Чешка беседа Загреб“, КУД „Ромска душа“ и други, а Елизабета Петровска ги запозна присутните со работата на Заедницата на Македонците во РХ и активностите на МКД „Охридски бисер“ од Загреб.

Еден поинаков поглед на припадниците на националните малцинства беше прикажан преку кратките документарни филмови „Амра - владетелка на знаењето“, „Добриот дух на Ѓаково“, „Две пријателки“, „Ведетовиот сон“ и „Светот на Софија“. Пет групи на средношколци од Осиечко-барањската жупанија режираа, снимија и монтираа пет автентични приказни за припадници на националните малцинства, нивниот секојдневен живот и обичаи, со цел за еднаквост и заштита на правата. За овие филмови што беа премиерно прикажани на прославата, авторите беа наградени со „MINORITY – 3D“ награди, кои им ги врачија загрепскиот градоначалник Милан Бандиќ, собранискиот пратеник Вељко Кајтази, актерките Сила Барат Бастаиќ и Барбара Прпиќ и режисерката Ивона Јука.

- Државните институции и градската власт мораат на младите да им ги обезбедат сите можности за да можат и понатаму да градат мултикултурно општество базирано на толеранција, почитување на различностите и соработка. Загреб се гордее со напорите што ги вложува во младите и нивната едукација за човековите права, истакна Бандиќ.

На важноста за постојаната борба за човекови права и рамноправност на сите луѓе, со акцент на националните малцинства, укажа и заменичката на амбасадорката на Холандија, Габриела Санциси.

Е. Петровска









# Македонија влегува во опасна зона

Македонија ги поминува своите најтешки моменти по воената криза во 2001 година. По последните драматични случувања од 24 декември минатата година, кога за време на донесувањето на државниот буџет се случија инциденти незапаметени во поновата македонска историја, тензиите во земјата се доведени до точка на усвитеност. Сликите што го обиколија светот од блокирањето на работата на законодавниот дом, исфрлањето на опозициските пратеници од собраниската сала, отстранувањето на новинарите од галеријата, уште долго ќе сведочат за срамот на македонската демократија. Како никогаш досега, македонското национално ткиво е поделено и „партизирано“, со тенденција ваквите негативни тенденции да продолжат и да се засилат.



Опозицискиот фронт предводен од левичарските социјалдемократи се одлучи преку протести и напуштање на парламентот да ја руши, како што вели, „ненародната и тоталитарна власт на премиерот Никола Груевски“, која преку узурпирање на медиумскиот простор и кршење на демократските процедури се обидува да обезбеди долго владеење.

За владејачката ВМРО-ДПМНЕ, пак, и нејзиниот коалиционен партнер ДУИ, спречен е обид за државен удар и за насилно преземање на институциите на легалната власт, избрана на последните предвремени избори пред две години. Двете политички групации сè подлабоко се закопуваат во своите партиски ровови, намалувајќи ги шансите не само за конструктивен, туку за било каков политички договор.

Почетокот на Новата 2013 година, која се смета за клучна за македонските евроинтеграции, не само што не донесе смирување на напнатоста меѓу двете најголеми политички партии, туку се чини, уште повеќе ја зголеми политичката агонија во која тоне земјата. Претседателот на парламентот, Трајко Вељаноски веќе ги закажа локалните избори за 24 март оваа година, во ситуација кога опозицијата сериозно размислува за бојкот на изборите, доколку не се исполнат нејзините барања. Засега, се чинат и залудни апелите на меѓународната заедница, која се обидува да испрати пораки на разум, повикувајќи ја опозицијата да се врати во институциите. Брисел предупредува дека Македонија не смее да се претвори од пример, во грижа на Европската Унија.

Гордана Дувњак,
политички коментатор и новинар
во „Утрински весник“

# Фридом хаус: Македонија делумно слободна земја

*Македонија се најде во групата на делумно слободни земји во најновиот извештај „Слобода на светот“ на невладината организација Фридом хаус, во кој се оценува состојбата со почитувањето на човековите права и на политичките слободи*

Земјава е оценета со тројка и во однос на човековите права и во однос на политичките слободи. Највисоката оценка е единица, а најлошата е седумка. Во групата на делумно слободни земји спаѓаат Босна и Херцеговина, Грузија, Косово, Украина и Пакистан. Како слободни земји од Балканот се оценети Србија, Црна Гора и Хрватска.

Според извештајот делумно слободните земји патат од корупција, слабо владеење на правото, етнички и верски судири и политичка сцена на која една партија е доминантна, и покрај одреденото ниво на плурализмот. Што се однесува на состојбата со човековите права на глобално ниво, во светот во 2012 година имало 90 потполно слободни држави, односно 46 отсто од 195 земји, колку што се опфатени во извештајот.

Макфакс

# Едукативен семинар за работата на здруженијата на националните малцинства



Во организација на Советот за националните малцинства на РХ, на 14 декември 2012 година во Загреб се одржа едукативен семинар за програмите на здруженијата и на институциите на националните малцинства за остварување на културната автономија за 2013 година и за поднесување на годишните извештаи на здруженијата за 2012 година. Од Заедницата на Македонците во РХ на семинарот присуствуваше секретарот Елизабета Петровска, заедно со припадниците на повеќето национални малцинства што се финансираат од Државниот буџет на РХ преку Советот.

Воведни излагања изнесоа претседателот на Собранието на Град Загреб, Давор Бернардиќ, раководителот на Канцеларијата за човечки права и права на националните малцинства, м-р Бранко Сочанац и претседателот на Советот, Александар Толнауер.

Во работниот дел на семинарот, раководителот на Канцеларијата за здруженија, д-р Игор Видачак, зборуваше за воведувањето на програмата „Потпора плус" во постапката на пријави, избори, следење и известување за остварување на програмите што ги финансираат телата на државната управа, за насоките за развој на цивилниот сектор со оглед на влегувањето во ЕУ и за можностите на финансирање од ЕУ фондовите. Началникот на управата за извршување на Државниот буџет при Министерството за финансии, Ивана Јакир-Бајо, говореше за Државниот буџет за 2013-2015 година, за известувањето на крајните корисници, водењето на документацијата и наменското трошење на средствата од Државниот буџет. Во своето излагање, таа посебно се задржа на Законот за фискална одговорност и мерките на контрола и стандардите што ќе се применуваат, односно воведуваат со влегувањето на РХ во ЕУ и даде насоки за финансирање на здруженијата од Државниот буџет.

На семинарот стана збор и за критериумите за избор на програмите на здруженијата што ќе се финансираат во 2013 година, како и начинот на известување за остварувањето на програмите што се финансирани во 2012 година и начинот на поднесување финансиски извештаи за наменското трошење на средствата врз основ на Одлуката на Советот.

Сите излагања на семинарот беа проследени со проекциски слајдови. Во расправата што се отвори меѓу учесниците беа поставени многу конкретни прашања, при што се констатираа некои клучни проблеми во врска со новостите што беа претставени на семинарот. Се покажа дека семинарот беше многу едукативен и потребен во екот на промените што се случуваат поради влегувањето на Хрватска во ЕУ и се заклучи дека е потребно организирање на уште вакви и слични семинари што ќе помогнат во понатамошната работа на здруженијата на националните малцинства. Материјалите од семинарот беа доставени до сите МКД во составот на Заедницата.

Е. П.

# Прославен Божиќ, МПЦО „Св. Наум Охридски" од Сплит со нов претседател

Верниците на МПЦ од Сплит и околината свечено и со литургија го одбележија најголемиот црковен празник на христијаните – РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО – БОЖИЌ. Богослужбата се одржа на 7.01.2013. г. во сплитската црква Госпе од Анчела, а ја одржа свештеникот на МПЦ во Хрватска, отец Кирко Велински. По завршената богослужба, во просториите на МПЦО „Св.Наум Охридски" се одржа редовното изборно собрание, на кое верниците едногласно го избраа Живко Богески за нов претседател на МПЦО „Св. Наум Охридски", а досегашниот претседател Крсте Блажевски е избран за потпретседател. По изборниот дел, сите верници заедно го одбележаа најголемиот христијански празник – Божиќ.

Б.М.



# Доаѓаат медитерански бранови за Македонија

*Се подготвува македонска верзија на „Крух наш“ од проф. Предраг Матвејевиќ. Тоа е книга која заедно со „Медитерански бревијар“ говори и за Македонија, која ја ослушнува од двете страни на морето, Егејското и Црното*



Во еден агол од култната загрепска „Градска кавана“ пиеме кафе со еминентниот професор и писател Предраг Матвејевиќ, истакнат интелектуалец кој со години наназад реди книга за книга, збор по збор укажува на турбуленциите кои го зафатија нашето современо живеење. Со тивок глас, авторот на „Медитеранскиот бревијар“, преведен на дваесетина јазици, во 27 изданија и на „Крух наш“ кој треба да го доживее и македонскиот превод, а во Македонија постои различна традиција на лебот токму поради бројните преплетени култури, опуштено и искрено говори за Македонија, Македонците, минатото и иднината.

– Сега МАНУ се подготвува да ја објави мојата книга „Крух наш“, а Македонија е едно место каде разни традиции на лебови се вкрстиле, традиции верски и цивилизациски. Драго ми е што е во тек превод за мојата книга за лебот. Тоа е книга која заедно со „Медитерански бревијар“ говори и за Македонија, која ја ослушнува од двете страни на морето, Егејското и Црното. Доаѓаат бранови и доаѓа еден медитерански. Границите беа толку сурови и не отворија простор. Се надевам дека со влезот во ЕУ Македонците ќе можат да ја искористат својата медитеранска компонента, вели проф. Матвејевиќ.

На прашањето што мисли за РМ и за нејзиното влегување во евроатлантските интеграции, тој смета дека е нецивилизирано да се оди на цензура на зборови преземени од Грција. „Во речникот на многу цивилизирани земји (Франција, Англија, Германија) имате на стотини зборови кои се преземени од Грција. Ние во хрватскиот јазик имаме многу зборови од латински и од старословенски. Ако би се одело со таа цензура, тоа би било нецивилизирано. Тоа би било како да се спречува течението на културата. Некогаш зборовите се носители на културата. Според тоа, нема да ја заборавиме големата Америка поради Америго Веспучи, и нема да ја заборавиме Македонија поради тоа што во убавата стара Грција една покраина била нарекувана со тоа име. И достоинствено го носи на своето чело тоа име“, додава Матвејевиќ.

Натаму разговорот оди во правец на актуелната состојба во светот – кризата.

– Во земјите на Источна Европа и во бивша Југославија враќањето на „дивиот капитализам“, оној кој и самиот капитализам настојуваше да го надвладее, не е сигурно најдоброто решение. „Социјализмот со човечко лице“ за кој мечтаеја дисидентите, „Прашката пролет“, раскинувањето на Југославија со Сталин во 1948 година, можеби сето тоа би можело да даде нешто подобро од ова што го имаме: да се сочуваат социјалните текови, да се овозможи поголема вработеност, да се обезбедат достоинствени пензии, да се избегне сиромаштвото... Не сум единствениот кој мисли дека можеа да се најдат подобри решенија. Денеска земјите од источна Европа кои влегоа во ЕУ се повеќе оптоварување, отколку добивка за Европа. Капитализмот кај нив е полош, попримитивен, вели професорот по книжевност Матвејевиќ, кој неколку години помина предавајќи на престижни универзитети во Франција и во Италија.

Тој посочува дека изненадувачки е што политичката и економската глобализација бавно се ширела и често се сопнувала, додека глобализацијата на кризата исклучително е брза и за миг ја прекрива целата планета.

Милена Георгиевска

# Смотра на културното творештво на малцинствата од Сплит

На 13 декември 2012 година во Домот на хрватската војска на Пољуд во Сплит се одржа 3. Смотра на културното творештво на националните малцинства во Градот Сплит која службено ја отвори Маја Мунивранa, раководител на Службата за култура на Град Сплит.

На оваа манифестација, која пред три години ја иницираше МКД „Македонија“ и Советот на македонското национално малцинство на Град Сплит, оваа година во улога на соорганизатори се јавија Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства на Град Сплит, а помош даде и Град Сплит со 12.000 куни. На манифестацијата зедоа учество и претставници на словенското, унгарското, црногорското, српското, бошњачкото и македонското национално малцинство.

Во двоиполчасовната програма пред преполната сала, културните друштва и фолклорните секции од сите малцинства кои живеат во Сплит, со разновидни програми, од песни, ора, рецитации и оркестрални изведби, го претставија културното богатство на своето културно наследство кое го имаат донесено со себе од своите матични држави. Во оваа програма учествуваа словенското културно друштво „Триглав“, Новиот унгарски културни центар, Заедницата на Црногорците од Сплит, српското културно друштво „Просвјета“, бошњачкото културно друштво „Препород“ и македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит.

На оваа манифестација посебно беше даден акцент на подмладокот на културните друштва, така што посебен аплауз доби настапот на младите унгарчиња од Новиот унгарски културен центар и на младата Божена Башиќ од македонското културно друштво „Македонија“, која испеа две македонски народни песни.

Да не заборавиме да нагласиме дека веќе традиционално, најдобар настап на манифестацијата имаа пејачката група „Македонија“, фолклорната група „Македонија“ со оркестарот „Македо“, проследени со солистичките настапи на Ксенија Варводиќ Периш и веќе спомената Божена Башиќ.




*Божена Башиќ со својот настап измами долготраен аплауз од публиката*

На оваа „фешта“ на културното творештво на националните малцинства на Град Сплит, која заврши со пригоден коктел за сите учесници и гости, присуствуваше и Марица Ружиќ, советничка за национални малцинства на Град Сплит.

Биљана Митревски

---

# Денови на македонскиот игран филм

Пред крајот на 2012 година во Сплит, поточно од 11 до 14 декември, по седми пат се одржаа „Деновите на македонскиот игран филм“. Традиционалната соработка помеѓу Кинотеката „Златна врата“ од Сплит и Кинотеката на Република Македонија од Скопје, со посредство на Заедницата на Македонците во РХ, Советот на националните малцинства на РХ и матичното македонско културно друштво „Македонија“ од Сплит, и оваа година ги донесе „Деновите на македонскиот игран филм“.

Годинашниве „Денови на македонскиот игран филм“ беа тематски обоени и посветени на познатиот македонски режисер Столе Попов. Беа прикажани филмовите „Црвениот коњ“, „Среќна нова ‘49“, „Тетовирање“ и „Ципси мецик“.




Сплитската публика уште еднаш покажа голем интерес за македонската кинематографија и македонскиот игран филм, што се покажа и со одличната посетеност на проекциите. Влезот за сите посетители беше бесплатен.

Б. М.

# Денови на Кочо Рацин во Истра

*Македонското културно друштво „Св. Кирил и Методиј“ од Пула во изминатите неколку месеци организираше бројни активности и настани*



Културната манифестација „Денови на Кочо Рацин во Истра“ во организација на Заедницата на Македонците во РХ, а под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, се одржа во три дела. На 1 декември 2012 година членовите на МКД „Св. Кирил и Методиј“ отпатуваа за Самобор каде им се придружија на другите македонски друштва од Хрватска и положија цветен аранжман пред споменикот на Коста Солев Рацин. Во една од просториите на Музејот се одржа и промоција на книгата „Избор песни на македонски автори од Хрватска“. Меѓу осум наведени автори во книгата се вклучени и две членки од Друштвото од Пула: Виолета Јуван и Милена Златеска.

Во другиот дел на манифестацијата „Денови на Кочо Рацин во Истра“ и во пресрет на празничните денови Божиќ и Нова Година, на 14.12.2012 година се организираше културна манифестација „Портрет на една Истарска Македонка“, вечер на поезија и музика, вечер на претставување на уметничките дела на долгогодишна членка на Друштвото Виолета Јуван. Претставена беше прекрасна изложба на слики на платно, слики на стакло и плетени и везени ракотворби.

Мешовитиот хор и оркестарот под водство на Бисерка Кухта, се претстави со неколку македонски песни и ора. Виолета Јуван испеа две македонски забавни песни „Еден бакнеж“ и „Кажи зошто ме остави“, а прочита и неколку песни од нејзиното поетско творештво. Милена Златеска се претстави со две свои песни од ново издадената книга „Избор песни на македонски автори од Хрватска“.

Портретот на Виолета Јуван со прекрасни избрани зборови достојно го претстави Бенита Гошев, долгогодишна членка на Друштвото, во чија куќа е формирано МКД „Кочо Рацин“ пред повеќе од 17 години.

Третиот дел на „Деновите на Кочо Рацин во Истра“ се одржа во Тињан на 15.12.2012 година со свечена програма во која зедоа учество и КУД „Косириќи“ од Тињан, со изведби на неколку истарски песни. Етно музичарот и поетот Драго Драгузет покрај својот рецитал, заедно со етно пејачката МаријаРојниќ ја претставија изворната Истарска етно музика. Во програмата се вклучи со неколку свои песни и поетот Валерио Орлиќ кој е член на МКД „Св. Кирил и Методиј“, инаку претседател на Хрватското друштво на писатели од Риека.



Мешовитиот хор и оркестарот на Друштвото под водство на Бисерка Кухта и Снежана Јанев се претставија со повеќе македонски песни: „За кого ти цути Дано лицето“, „Ој, Вардаре“, „Јовано, Јованке“, „Македонско девојче“ и други. Виолета Јуван во кратко излагање ги запозна присутните со поетското творештво на Коста Солев Рацин. Рецитираше неколку песни од творештвото на Рацин. Програмата заврши со неколку македонски ора.



*Тодор Брдарски и честита на параолимпијката Микела Ристоски*

Претседателот на Друштвото, Тодор Брдарски, ги поздрави и им се заблагодари на присутните членови, на гостите претставници на Град Пула, Друштвото на Словенците и претставниците на општината Тињан која во 2008 г. се збратими со легендарното Крушево од Р. Македонија. Исто така им се заблагодари на претставниците на КУД „Косирики" за долгогодишната соработка во партнерските програми. Тој и честиташе на членката на МКД „Св. Кирил и Методиј", Микела Ристоски, параолимпијка, носител на бронзен медал и добитник на наградата „Фрањо Бучар" на 30.11.2012 година.

Тодор Брдарски

## Рецитали, изложби, гостувања

МКД „Св. Кирил и Методиј" учествуваше и на 5. Културна смотра „Вечер на истарскиот фолклор" на 10.07.2012 г. во општината Фунтана покрај Пореч, каде настапуваа десетина културно уметнички друштва од Истра. Исто така, беа присутни и на одбележувањето на „Деновите на Глагољашите" со настап на мешовитиот пејачки хор и етно музичарите, гости од Р. Македонија, но и со рецитал на Милена Златеска и Виолета Јуван. Хорот отпеа неколку убави македонски песни.

Во организација на Центарот за Визуелна уметност „Батана", на 10.08.2012 г. беше отворена изложбата на уметнички фотографии на авторот Душан Доцевски од Куманово, Р. Македонија. Членовите на мешовитиот пејачки хор, се претставија со неколку македонски песни и рецитации, а Милена Златеска и Виолета Јуван организираа и изложба на везени и плетени ракотворби.

Хрватското друштво на писатели од Риека, на 17.08.2012 година на Паг, ја промовираше книгата „Сведок на времето – Анте Земјар" (1922-2004), каде беа поканети претседателот на МКД од Пула, Тодор Брдарски и членовите Нела Чоп и Драго Драгузет, кои читаа песни од творештвото на Анте Земјар.

Од 23.08 до 02.09. 2012 г. одржан е 13. Меѓународен фестивал на поетско творештво „Letni oder Ruše 2012. g". во Руше крај Марибор, Словенија. Од нашето Друштво присуствуваа Тодор Брдарски и поетите Драго Драгузет и Валерио Орлиќ, кои настапија со повеќе рецитации и етно-музички изведби.



На 28.09.2012 г. деточлена делегација на нашето Друштво учествуваше на „9. Смотра на културното творештво на националните малцинства во Р. Српска", во Бања Лука. Во програмата активно учествуваа Милена Златеска и Снежана Јанев со по две македонски рецитации со музичка придружба на флејта на Маринела Златеска.

Денот на независноста на РМ, Денот на антифашизмот „11. Октомври" и Денот на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј" достојно, со пригодна програма ги одбележавме на 13.10.2012 г. во просториите на друштвото во „РОЈЦ", Пула.

По повод Меѓународниот ден на инвалидите, на 3 декември мешовитиот пејачки хор и оркестарот на нашето друштво со пригодна програма ги развеселија членовите на друштвото „Удруга инвалида рада Пула".

Т. Б.



## РАЦИНОВ ДЕН И ДЕН НА ЗМРХ









# Самобор повторно средиште на македонската култура

Верно продолжувајќи ја традицијата, на 1 декември 2012 година преку 300 Македонци од цела Хрватска се собраа во Самобор за да одбележат две големи културни манифестации, „Рациновиот ден“ и „Денот на ЗМРХ“, во организација на Заедницата на Македонците во РХ и МКД „Охридски бисер” од Загреб, а под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, Поглаварството на Град Самобор, Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и Самоборскиот музеј. Програмата започна со полагање венци свежо цвеќе пред бистата на Кочо Рацин, со што на овој македонски книжевен великан му оддадоа почит претседателот и секретарот на Заедницата, Орце Ламбевски и Елизабета Петровска, министер советникот и советникот при Македонската амбасада во Хрватска, Рецеп Салиу и Петар Чулев, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, претседателот на МКД „Охридски бисер”, Благој Штерјов и други претставници од македонските друштва и Градската управа на градот Самобор. Тинка Б. Крстева и Ивана Лазаревска ги потсетија присутните на Рациновите „Бели мугри“, рецитирајќи извадоци од „Дописки до Раца“, а потоа сите гости заедно се собраа во Самоборскиот музеј, каде што во чест на Рацин се одржа промоција на книгата поезија „Избор песни на македонски автори од Хрватска“, а во издание на Советот на МНМ за Град Загреб.

Присутните, меѓу кои беа и потпретседателот на Заедницата и член на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски и свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински, ги поздравија директорот на Самоборскиот музеј, Мирослав Милоњиќ, заменикот на градоначалникот на градот Самобор, Хрвоје Франкиќ и министер советникот Рецеп Салиу. Промоцијата ја водеше уредничката на книгата, Елизабета Петровска, која изјави дека стихозбирката носи силна порака - продолжување на Рациновото дело, па додаде:

– „Куќа цел свет братски ми е“ – рече Рацин. Со таа мисла се роди и оваа книга: да ги соедини македонските поети од Хрватска во едно, да ги сплоти убавиот збор и корените, од кои сите ние црпиме сила за живот. Живот со незаборав – како потсетник на тоа кои сме и од каде потекнуваме, но и соживот исто така, со нашите пријатели овде – како ширење на мултикултурализам, разбирање и достоинство. Со таа идеја се создаде оваа книга: да го осветли патот на заедништвото. И да ги потврди зборовите на Рацин: „Силно светнал ден“! И затоа токму тука во Самобор, во ова свето место за нас, каде пред повеќе од 70 години Рациновите „Бели мугри“ ја здогледаа светлината на денот, и ние денес сите заедно се собравме да му оддадеме почит со промоција на оваа наша стихозбирка „Избор песни на македонски автори од Хрватска“ – книга што ќе ја продолжи традицијата отворајќи ги ширум своите страници кон вечноста!








Промоторот и рецензент на стихозбирката, проф. д-р Васил Тоциновски истакна дека Рацин како Македонец живееше и создаваше на македонски јазик, оставајќи така тестамент на нашето македонствување и дека оваа стихозбирка, создадена од осум автори Македонци што живеат во Хрватска и творат на македонски јазик, исто така не е случајна, туку е создадена да говори за бесмртноста на мајчиниот јазик и богатството на неговото негување кај Македонците во дијаспората, зашто „ако го изгубиме јазикот, ќе ја изгубиме и татковината“.

- Кога минатата година ја донесовме одлуката за издавање на оваа стихозбирка, не можевме ни да замислиме што таа денес ќе претставува. Издавањето на оваа книга пред сè, ни беше мотив да создадеме едно заедничко дело што ќе ги соедини Македонците од Хрватска, рече претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, нагласувајќи дека единството е најважно, па така е замислена и оваа промоција која што уште еднаш успеа да нè сплоти сите заедно.

Промоцијата заврши со рецитирањето песни од стихозбирката, а потоа гостите по кусата прошетка низ Самобор се упатија до Народното отворено училиште Самобор, каде што се одржа „Денот на Заедницата на Македонците во РХ“, манифестација што низ богата културно-уметничка програма ја презентира работата на сите македонски културни друштва во составот на Заедницата.

Водителките на програмата, Тинка Б. Крстева и Ивана Лазаревска го најавија претседателот на Заедницата, Орце Ламбевски, кој во кусиот вовед ги поздрави присутните и во знак на благодарност за несебично залагање, придонес и афирмација на Заедницата, им врачи благодарници на Ангел Митревски, Јагода Цветичанин, Елизабета Петровска и на Советот на МНМ за Град Загреб. Честитки по повод одржувањето на манифестацијата упати и хрватскиот претседател д-р Иво Јосиповиќ во својата поздравна порака.

Програмата започна со настапот на учениците од дополнителната изборна настава по македонски јазик од ОУ „Никола Тесла“ од Загреб, кои го изведоа рециталот „Прошетка низ Македонија“ и песните „Јас, ти и тој“, „Како се мери добрината“ и „Најсакана“. Потоа следеа настапите на членовите од Македонските културни друштва „Македонија“ од Сплит, „Илинден“ од Риека, „Билјана“ од Задар, „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, „Браќа Миладиновци“ од Осиек и „Охридски бисер“ од Загреб, кои со своите фолклорни, пејачки, инструментални, рецитаторски, детски и етно секции ја воодушевија многубројната публика и измамија долги аплаузи. Настапите беа разновидни и обилуваа со пејачки и инструментални интерпретации, интересни фолклорни кореографии, рецитали и монодрами. Низ игра и песна, нивната порака упатуваше на заедништво, воедно почитувајќи ја хрватската, а негувајќи ги македонската култура, традиција и идентитет. Креативниот дух не недостасуваше ни на штандовите во фоајето, кои изобилуваа со уникатни етно ракотворби изработени од вештите раце на членовите на друштвата. На овој ден во Самобор можеше да се почувствува и да се ужива во сиот вложен труд и напор на сите нас за да го сочуваме нашето најголемо богатство, корените на родната грутка.

Е. Петровска

# Избор песни на македонски автори од Хрватска

*„Мудриот народ рекол оти изговорениот збор се заборава и го одвејуваат ветрови, ама напишаниот збор со самоодговорноста пред себе е вечна трага за сопственото време и аманет до идните поколенија.“ – извадок од рецензијата на д-р Тоциновски*




Есента 2012 година, Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб во свое издание ја отпечати првата книга во третиот мандат, збирката поезија „Избор песни на македонски автори од Хрватска“. Книгата ја подготви и ја уреди поетесата Елизабета Петровска, која е воедно и активна членка на Советот.

– Идејата беше да се создаде збирка песни од автори поети, Македонци што живеат во Хрватска, а творат на својот мајчин, македонски јазик. Инаку, ова е прва ваква збирка воопшто отпечатена во Хрватска, а опфаќа и имиња на автори кои за првпат објавуваат свои дела, вели Петровска.

„Освен богатството на прекрасниот поетски збор во кој можете да уживате додека ги прелиствате страниците на оваа мала стихозбирка што ви ја нуди Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, тој заедно со своите останати реализирани програми, всушност сака да ги поттикне и другите македонски асоцијации да започнат поинтензивна соработка и да го продлабочат заедништвото на сите Македонци во Република Хрватска“, стои во предговорот на книгата, потпишан од претседателот на Советот, Томе Апостолоски.

Во книгата се редоследно застапени авторите Лилјана Димова Петернел, Ратко Димовски, Ивона Дуноски Митев, Мирјана Мајиќ, Виолета Марковска Јуван, Елизабета Петровска, Анка Рабузин и Милена Златеска, а рецензент е д-р Васил Тоциновски, универзитетски професор и писател. Тој за збирката поезија вели:

– Има две квалитетни нивоа со кои се одбележуваат поетите во овој избор. Тие рамносилно како творечки исказ ги користат мајчиниот македонски и хрватскиот јазик во чии рамки егзистираат. Таа мера е сочувана и во темите и во мотивите. Не ги подредуваме ниту земјата ниту јазикот како прва или втораазнака, на што предупредуваат и самите автори. Доминираат општочовечките, универзални димензии од егзистенцијата на човекот, светот и животот. Тоа ќе рече оти се испочитувало едно од елементарните правила во уметноста како космос и предуслов за остварување на естетски вредности. Без нив не постои ни книжевноста. Наспрема неа е мерата на националната припадност. Тоа е лебедовата песна за коренот, за родот и породот, за својот личен пален знак. Гласот кој му се обраќа на светот со намера да се слушне и препознае во него, а кој во исто време го донесува и возвратниот одглас на светот за негово идентификување со нас.

Стихозбирката е промовирана во рамките на манифестацијата „Рацинов ден“ во Самобор. Вредно е да се спомене дека Советот подари по неколку примероци од книгата на сите автори, македонски асоцијации и здруженија, како и на сите ученици од дополнителната изборна настава по македонски јазик во Хрватска.

Е. Петровска

## ГОРАН СТОЈКОВСКИ





# Ужива во животот, каков и да е

Горан Стојковски е роден во с. Челопек, во околината на Тетово во Македонија, од мајка Цвета и татко Живко, ама за жал, во Македонија ги проживеал само првите неколку години. Со татко му, кој бил офицер, ја има поминато скоро цела бивша Југославија, така што во шала кажува дека ги има учено сите варијанти на јазикот на централна Југославија (српски, српско-хрватски и хрватски).

Основното училиште го започна во Пеќ, САП Косово, а го заврши во Бихаќ, БиХ. За Државната реална гимназија „Моша Пијаде“ и денес смета дека е една од најдобрите школски институции и дека сите негови понатамошни успеси во голем дел се надградени на солидните темели добиени во таа гимназија.

По завршената гимназија го запиша Електротехничкиот факултет како стипендист на ИЕТА (Институт за електроника, телекомуникации и автоматизација). По дипломирањето стипендијата ја презеде ЕТФ и Горан премина на факултет. Сите степени (диплома, магистратура и дисертација) ги има работено во својот матичен завод (Завод за ВФ техника, сега Завод за радио-комуникации). Како редовен или гостин-професор има предавано на повеќе училишта и факултети („Руѓер Бошковиќ“, „Виша зракопловна“ во Загреб, Електротехнички факултет во Скопје, Електротехнички факултет во Бања Лука...). Сепак, како круна на насилно прекинатата кариера ги смета семинарите во Берлин и Вашингтон (George Washington University, Washington DC, USA). Има објавено неколку стотици стручни и деведесет и три рецензирани научни трудови. По сообраќајната несреќа е во инвалидска пензија.

Во Заедницата на Македонците во РХ со активна работа се вклучи во текот на Татковинската војна како член на УО и 1996 стана претседател на Заедницата. Како свои успеси ги смета мирењата на фракциите во Риека и во Сплит, прославата на Василица 1997 со преку 800 гости, Илинден 1998 со ист број на Македонци и пријатели. Со нескриена гордост ги споменува изложбите во „Кловиќеви двори“ на дванаесеттина македонски модерни уметници што ја отвори тогашниот министер за култура на РХ и особено, ретроспективната изложба на Ордан Петлевски што ја отворија министрите за култура на Хрватска и на Македонија. Горан беше и еден од иницијаторите за формирање на Советот за националните малцинства на РХ и негов постојан секретар.

На поттик на Анастас Оџаклиески се ангажира во формирањето на Советот на МНМ за Град Загреб, но по втората седница на Советот даде писмена оставка на членството. На наговор на повеќе пријатели на Македонија повторно се активира во Советот.

Приватно, Горан е во мешан брак. Преку триесет години бескрајно ужива во својот самоизграден брод, во македонскиот мелос и фолклор, во дружење, песна и свирка на бендот „ККМККЗ“ (Ки как море, ки как зна). Скија, ја довршува книгата и ужива во животот, каков и да е.

Е. Петровска



# Рождеството на Спасителот

*„Што да Ти принесеме, Христе, затоа што заради нас како човек се јави на земјава? Секое Твое создание Ти принесува благодарење; ангелите – песна; небесата – ѕвезда; мудреците – дарови; пастирите – восхит; земјата – пештера; пустината – јасли; а ние – Мајката Дева...“ (Црковна песна)*



*Отец Кирко Велински одржа свечена литургија*



Празникот на Рождеството Христово е слава и благодарност за сè што Христос ни принесе и ни принесува. Од друга страна, пак, тоа е ден што нè обврзува и самите да се прашаме – „Што да Му принесеме ние на Христа?“ Во Светото Евангелие тоа прашање е одговорено од оние што со своето присуство учествуваа во славното Рождество на Спасителот. Светата Дева Марија – се понуди себе си, потчинувајќи се на Божјата волја и носејќи Го Христа во утробата своја, од која Он се роди (Лука 1, 26 – 38). Праведниот Јосиф, пак, ја запази Господовата заповед, грижејќи се за Божјата Мајка и Богомладенецот Христос (Матеј 1, 24 – 25). Пастирите, откако ја чуја ангелската песна и откако Го видоа Детето, Му принесоа сведоштво за чудесните работи – за она што беа виделе и чуле (Лука 2, 8 – 20). Мудреците, следејќи ја ѕвездата на исток, дојдоа кај Исуса да Му се поклонат, принесувајќи Му ја својата служба и своите дарови (Матеј 2, 1 – 12).

Ете, тоа ни покажува како треба да го чествуваме овој голем Празник и што да Му принесеме на Христа. Како одговор на Неговата љубов, должни сме целосно да Му се предадеме Нему, со сето свое срце, со сиот свој разум и со сета своја душа.

Празникот на Рождеството Христово свечено и достоинствено беше прославен и во нашата црковна општина „Св. Злата Мегленска“ во Загреб. Торжество и божиќен дух се чувствуваа во секое катче, но и благодарност на Бог Отецот за Неговиот Дар, додека на Богомладенецот Му се принесуваше Божествената Литургија. Нашите најмлади, кои и најмногу Му се радуваат на Детето Христос, на крајот ги примија своите божиќни подароци.

Ако Божик е празник на љубовта, мирот и радоста, сите тие дарови овоплотениот Син Божји изобилно ни ги изли на денот на Неговото Рождество, а тие нека бидат присутни меѓу нас и во текот на Новото Лето Господово.

Иван Лепитков

# „Песни од душа“ од Мирјана Мајиќ

Претседателката на МКД „Билјана“ од Задар, Мирјана Мајиќ, пред читателската публика повторно се појавува со својата втора книга песни насловена „Песни од душа“. Како што и насловот укажува, а како што и самата авторка вели, секоја творба е исполнета со многу емоции. По првата стихозбирка „Носталгија и љубов“, таа продолжи со својата творечка енергија.

Како што ќе запише во својата рецензија за оваа книга проф. д-р Васил Тоциновски, работата и резултатите се единствена мера за човекот. „Со години Мирјана Мајиќ е душа и срце на Македонското културно друштво „Билјана“ во Задар. Станува член на редакцијата на списанието на Заедницата на Македонците во Република Хрватска „Македонски глас“ и е негов ревносен соработник. Пишува и ги изведува своите монодрами и едночинки, песни за деца, а еве пред читателите е и нејзината втора поетска книга „Песни од душа“. И во неа се посведочуваат темите и мотивите и посебно поетиката на делникот како авторска карактеристика. Во творечките извори и тенденција на Мајиќ според нас, се љубовта кон домот, семејството и двете татковини од една, и потребата – аманетот да се биде добар и човечен, од друга страна“, смета проф. Тоциновски.




Дека животот мора да се живее, тоа низ сопствената активност и позитивна енергија го потврдува Мајиќ.

### ЖИВОТ

*Годините ги носам гордо.*
*Сепак нешто сторив во животот.*
*Моите деца, внуката, сопругот.*

*Ги гледам и се мислам!*
*Па во овие години*
*мојот пат беше постелен*
*со трње, ама и со копрена.*

*Најмногу ме радува внуката.*
*Таа е најголемиот*
*мој потстрек и успех.*
*Таа млада девојка*
*најмногу ја сакам.*
*Леа, ти си мојот живот!*

М. Г.

# „Сонце“ од Анка Рабузин




Уште една македонска авторка на песни во Хрватска во 2012 година издаде своја стихозбирка. Станува збор за Анка Рабузин, дипломирана инженерка по текстилна технологија, таписеристка, судски преведувач за македонски јазик, родена во Струмица Македонија, живее во Загреб. Пишувала статии, била секретарка и членка на редакцискиот одбор на списанието на ЗМРХ, „Македонски глас“ и на „Билтенот“ на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб. Пишува песни на македонски и на хрватски јазик.

- Своевидната тематска разноликост во збирката песни „Сонце“ се гледа во интересот на авторката за евокација на сопствениот чувствителен регистар поттикнат од сеќавањата на одредени топоними поврзани со родниот крај, местото на новоизбраниот дом или во ново време историски обележан град, односно со феномените за карактерот и смислата на природата и на животот (Сонце, Патувам, Има нешто, Моите сестри, Би сакала, Да те не сакам...), ќе запише проф. д-р Борислав Павловски, редовен професор по македонска книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб.

Збирката се одликува во помал број на песни со изразена експлицитност на емоции, додека во поголемиот број на застапените песни емоциите се контролирани со промислени искази за карактерот на сопствената состојба или со суптилни описи на животните и на природните феномени.

### СОНЦЕ

*Сонце мое мило,*
*каде си се скрило?*
*Покажи ги своите зраци,*
*осветли ги моите сокаци.*

*Сонце мое мило,*
*сплоти нѐ сите*
*во своето крило,*
*а ти Сонце,*
*светли силно, силно,*
*каде и да било,*
*Сонце мое мило.*

М. Г.

# Македонско-хрватска тангента

*Сашо Георгиевски политиколог и дописник на „Нова Македонија“ од Хрватска, книгата ја посвети на ЗМРХ, која воедно е и издавач и зазема посебно место на страниците на ова дело, како и на најстариот македонски дневен весник „Нова Македонија“*




*Градоначалникот на Шибеник д-р Анте Жупановиќ говореше за значењето на книгата*

„Она што новинарот го чини не само хроничар на настаните и случувањата, е и неговиот однос кон средината и луѓето со кои живее. Колегата Сашо Георгиевски е пример на новинар, за кој, целиот негов новинарски век сведочи со објективност и професионалност. Меѓутоа, како автор на оваа важна книга се истакнува и како протагонист и сведок на важниот однос на пријателството помеѓу двата народи и двете држави, Република Хрватска и Република Македонија“. Ова е дел од рецензијата за „Македонско-хрватската тангента“ на политикологот и дописник на „Нова Македонија“ од Хрватска, Сашо Георгиевски, што го напиша професорот од Загрепскиот универзитет Младен Пушкариќ.

Книгата на читателот му става на увид информации и содржини посветени на хрватско-македонските односи на начин и стил кој го изразува интересот на македонскиот и на хрватскиот народ, особено во сферата на стопанството и економијата, културата, како и за политичките гледишта по значајните прашања од взаемен интерес. Квалитетот и квантитетот на еден дел од тие односи, во кои и самиот автор е директно вклучен, на пластичен начин успеал да ги прикаже во своето дело.

Првата промоција на „Македонско-хрватската тангента“ се случи во Шибеник, во преполнетата сала на Хрватскиот народен театар, во присуство на истакнати личности од политичкиот, културниот и од јавниот живот од Далмација и претставници од македонската дијаспора. Тангентата што ја влече авторот многумина од говорниците ја споредија со мост што ги приближува македонскиот и хрватскиот народ на многу полиња.




Книгата ја претставија Даворка Блажевиќ, политички коментатор во „Слободна Далмација“, Александар Губерина, истакнат хрватски кипар и Ангел Митревски, член на Советот за национални малцинства при Владата на Хрватска и потпретседател на Заедницата на Македонците во РХ. А за значењето на ова дело говореа и градоначалникот на Шибеник д-р Анте Жупановиќ и директорот на библиотеката „Јурај Шижгориќ“ Вилијам Лакиќ.

Во своето обраќање пред присутните градоначалникот Жупановиќ истакна дека му претставува особено задоволство што Георгиевски поради своите шибенски корени се согласил токму овој хрватски град да биде прв каде што ќе биде претставена неговата книга. Георгиевски со својата работа на одличен начин ја промовира Хрватска во Македонија, а исто така и Македонија во Хрватска.

Авторот книгата ја посвети на ЗМРХ, која воедно е и издавач и зазема посебно место на страниците на ова дело, како и на најстариот македонски дневен весник „Нова Македонија“. Честитки за „Македонско-хрватската тангента“ упатија претседателите на Република Македонија и на Република Хрватска, Ѓорге Иванов и Иво Јосиповиќ, како и хрватскиот амбасадор во Скопје, Златко Крамариќ и поранешниот македонски амбасадор во Загреб, Данчо Марковски.

М. Г.

# Македонска вечер – вечер на песни, поезија и фолклор





На 15 декември 2012 година завршија „Деновите на македонската култура во Задар“, што се одржаа по деветти пат. Во ресторанот „Баскет“ претставници на македонското национално малцинство од Задар и нивните гости се дружеа со песни, поезија и фолклор. На оваа манифестација, покрај настапот на членовите на секциите на МКД „Билјана“ од Задар, како гостинка настапи и Олга Барбир од Сплит, која со својот прекрасен глас ги забавуваше гостите.

Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, во својот поздравен говор нагласи дека 2012 беше многу успешна година за ова македонско културно друштво во Хрватска.

Меѓу присутните беа потпретседателот на Советот за националните малцинства при Владата на Република Хрватска, Веселко Чакиќ, потоа претставници на другите национални малцинства од Задарската жупанија, членови на Друштвото и нивните пријатели, како и медиумите.

Мајиќ се заблагодари на Советот за национални малцинства при Владата на Република Хрватска за финансиската помош, а исто така, и на членовите што ја организираа оваа манифестација.

Со оглед на расположливите средства, како и минатите години, така и оваа година речиси сите специјалитети беа подготвени од страна на Драган Јакимовски, Надица Жампера и Мирјана Мајиќ.

Претседателката на МКД од Задар, Мирјана Мајиќ, како претставник на македонското национално малцинство во Задарската жупанија ја помогна оваа вечер со еден дел на парични средства.

Доброто расположение со македонски, но и со далматински песни се одржуваше длабоко во ноќта. Програмата заврши со желба за уште поуспешна следна година.

Мирјана Мајиќ

# Денови на македонскиот филм



Поради доцнењето на филмовите, оваа година малку подоцна почнаа да се прикажуваат македонските филмови за задарската публика. Манифестацијата „Денови на македонскиот филм“ почна на 26 декември 2012 година и во наредните четири дена се прикажуваа македонски филмски остварувања.

Проекцијата се одвиваше во просториите каде што се состанува друштвото „Билјана“, што беше и добар повод за дружење на крајот од годината кога и најинтензивно се среќаваа членовите на друштвото и нивните гости.

Првиот ден беа прикажани два документарни филма на тема „Македонија под османлиска власт“ и тоа „Демографски промени и државно уредување“ и „Македонското будење во 19. век“, снимени по повод 20 години од осамостојувањето на Република Македонија.

На 27, 28, и 29 декември на репертоарот се најде познатиот македонски режисер Столе Попов, па беа прикажани „Црвениот коњ“, „Тетовирање“ и „Ципси Меџик“.

М. М.

# Осиечки зимски календар

Зимските месеци во Осиек беа во знакот на манифестациите „Денови на македонскиот филм“, затворањето на „Деновите на македонска култура“, „Македонската вечер“ во Вуковар и новогодишните празници.

**„Деновите на македонскиот филм“** почнаа со прикажувањето на долгометражниот филм „Фросина“ со кој се одбележаа 60 години од премиерата на првиот македонски игран филм. Филмот е во режија на Војислав Нановиќ, а во Осиек беше прикажан на 10 ноември, во салата на ОГИ. Следниот ден, на истото место, во 11 часот, на програмата беше документарниот филм за Мајка Тереза. Филмот е снимен по повод 30 години од доделувањето на Нобеловата награда за мир на големата хуманистка, а насловен е „По скопските патишта од младоста на Гонџа Бојаџиу – Блажената Мајка Тереза од Калкута“. Филмот е снимен по сценарио на Стојан Тренчевски и во режија на Кирил Узунов.

**„Деновите на македонска култура“** завршија поетски-прекрасно, со претставувањето на стихозбирката „Сјајот на скршениот кристал“ на поетесата Елизабета Петровска од Загреб, добитничка на наградата „Иселеничка грамота“ за 2012 година. Книгата, на 17 ноември 2012 година во просториите на ГИСКО, Осиек, ја претстави Јулијана Младеновска Тешија. Пред вљубениците во убавата реч, тоа беше вечер исполнета со лирски, топли и авто-откривачки стихови, но и песна: МКД „Браќа Миладиновци“ на авторката и се заблагодарија со исполнување на песната „Молитва“ со што измамија долг аплауз!

**Следниот ден** поетесата беше на дружење со учениците кои учат македонски јазик во ОУ „Вијенац“ во Осиек – тие разговараа околу тоа како настанува една песна и читаа песни од Петровска.

Декември го украсија два настани: „Македонската вечер“ во Вуковар и доаѓањето на Дедо Мраз во Осиек.

На 14 декември, во организација на здружението „Вуковарци добре волје“, со почеток во 19 часот почна „Ма-



*Танец со „Билјана платно белеше“*






*Мал Танец со сплет ора*

кедонската вечер“. Организаторите и гостите, на присутните гости им понудија богата програма на македонски песни, ора, стихови и драма.

И додека домаќините „Вуковарци добре воље“, се покажаа како добри познавачи и почитувачи на македонската култура, МКД „Браќа Миладиновци“ истата ја претставија во најдобар сјај. Тие вечерта настапија со фолклорната секција „Танец“ („Билјана платно белеше“ и „Мариовска тресеница“ во кореографија на М. Гало), со детската секција „Бисерчиња“ (со претставата „Дарови за мама“ на текст на Н. Ламбевска), инструменталистите „Т'га за југ“ (со „Невестинско оро“ и сплет македонски ора), вокалната секција „Вардарки“ (со сплет македонски песни) и фолклорната секција „Мал Танец“ (со сплет македонски ора).

Крајот го украси гостинот од Македонија, младиот Бране Ѓоргиев кој настапи со песната „Тајно моја“.

**Новогодишните празници** беа одбележани на 22 декември во просториите на Друштвото кога на собраните дечиња Дедо Мраз им подари богати новогодишни подароци. Целиот настан беше „детски“: децата од секцијата „Бисерчиња“ глумеа, ама и пееја и танцуваа за своите мали пријатели и роднини, а на крајот се заврши со дружење и прекрасна закуска.



Јулијана Тешија
Фото: Бригита Пландер

# Св. Никола во Риека





На денот кој го носи името на еден од големите светци, „Св. Никола“, во Риека беше организирана свечена литургија од страна на Православната црковна општина, вклучувајќи ги и останатите асоцијации. Оваа свечена литургија која беше отслужена од страна на свештеникот протојереј Кирко Велински, ја проследија голем број верници кои зедоа и учество во истата пеејќи ги литургиските песни и молитви.

По завршетокот на литургијата, дружењето продолжи во просториите на Македонското културно друштво „Илинден“ од Риека. Програмата беше исполнета со македонски народни песни и ора, што придонесе празникот да се одбележи со весел дух.

В.Ѓ.

# Бадниково утро





Утрото во Риека не започна со познатите коледарски песни, но секој верник опфатен со божиќно расположение и ведар дух пристапи на утринската литургија. Во организација на Македонската православна црковна општина, свечената литургија ја одржа отецот Васил Пецировски, а истата внимателно ја следеа верниците од кои голем број на крајот од литургијата пристапи на причест.

Прославата на најголемиот наш празник продолжи во Македонското културно друштво од Риека каде беше организирана богата закуска и светена погача во духот на Бадник. А откако се послужи јадењето, дружењето, како и секогаш, продолжи со нашите изворни песни и ора. И сето тоа е само доказ дека иако сме далеку од својата сакана Македонија, во нас сè уште владеат нашите обичаи и нашата богата култура.

Викторија Ѓорѓевска

# Наградата „Прозни мајстори“ за Васил Тоциновски



На 3 јануари 2013 година, во издавачката куќа „Феникс“ и фондацијата „Македонија презент“ во Скопје се одржа свеченост на која што беше врачена книжевната награда „Прозни мајстори“. Годинашни добитници на ова, едно од најпривлечните, признанија се Роберт Алаѓозовски, Игор Крајчев и Васил Тоциновски. Наградите ги врачи и за добитниците говореше нивниот втемелувач и директор Христо Петрески. Прозниот мајстор го закити Васил Тоциновски за книгата раскази „Сушачко попладне“ која што своето прво издание го имаше на хрватски јазик во 2010 година, во издание на Хрватското книжевно друштво. Во 2011 година, делото ја доби наградата „Книжевно перо“ за најдобра прозна книга на годината. Минатата година таа го имаше и своето македонско издание во „Македонија презент“ што и го донесе новото високо одликување.

Книгата ја составуваат петнаесет раскази кои со самиот наслов укажуваат оти станува збор за карактеристични мириси, вкусови и бои на кварнерско-истарскиот регион. Тематски тие се своевидна магична македонско-хрватска врска која ги допира универзалните значења и димензии на човекот, животот и светот.

Инаку, професорот Васил Тоциновски од 2008 година е раководител на најголемиот во светот Лекторат по македонски јазик и литература на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Риека и е член на Редакцискиот одбор на „Македонски глас“. Ова е четврта негова „хрватска книга“, по прозата за деца „Звони двапут“, романот „Тијело за гријех“ и книгата книжевни есеи и критики „Мост од ѕуница“.

Е. П.

# Културна стратегија на фокус групи

Задарската жупанија во периодот од 26 ноември до 4 декември 2012 година организираше состаноци со поедини групи на малцинствата, зависно од тоа со која дејност се опфатени. Така, во сферата на групата за „Издаваштво и книжевност“ и за „Култура на малцински заедници“ беше поканета претседателката на МКД „Билјана“ од Задар, Мирјана Мајиќ.

Таа изрази задоволство што Задарската жупанија ги препознава активностите на МКД „Билјана“, па затоа и ги предложува за учество во овие групи. Ваквите средби ги наметнува потребата за анализа на состојбата на Стратегијата за развој на културата во Задарска жупанија.

На 3 декември од малцинствата беше повикана и Рина Вилани, претседателка на Заедницата на Италијанците во Задар. Меѓу другите, беа и претставници од Градската библиотека, Научната библиотека, како и Друштвото на писателите „Запис“.

- По поставените прашања прва се јавив јас за разговор, што ми даде всушност можност да изнесам со кои потешкотии се сретнуваме при печатењето на книги. Моето излагање се однесуваше на наплатување на ДДВ при печатење на книги, што до пред две години го немаше. Многумина од присутните се согласија со ваквата моја забелешка, истакна Мајиќ.

Исто така, и многу други проблеми и пофалби излегоа на виделина, особено во врска со продажбата и дистрибуцијата на книгите.

Вториот ден, од 12 повикани, беше присутна само претседателката на МКД „Билјана“. Со водителката на овој проект, Јадранка Пеликан, Мајиќ водеше разговор на тема културата на малцинствата, па беа допрени многубројни прашања што се однесуваат на македонското национално малцинство (статусот на малцинствата во Жупанијата, најчестите проблеми, соработката со локалната самоуправа итн.).

М. М.

# Предновогодишни активности на МКД „Охридски бисер“



Крајот на 2012 година, која иако рецесиска по сè прикажаното сепак беше успешна и плодна, МКД „Охридски бисер“ го одбележа со неколку настани. На покана од хорот „Булбули“ при Културното друштво на Бошњаците во Хрватска „Препород“, пејачката група „Моми бисерни“ го претстави Друштвото на концертот кој беше организиран на 12 декември во салата на „Чешка беседа Загреб“, а по повод претстојните новогодишни празници и заедничко дружење на националните малцинства. На концертот како гостин со неколку песни настапи и мешаниот пејачки хор „Бохемија“ при „Чешката беседа Загреб“, додека „Моми бисерни“ под водство на Сафиудин Алимоски, а во придружба на звуците на Александар Качуров на пијано, добија голем аплауз од посетителите во преполната сала за одлично интерпретираните македонски народни песни „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“, „Девојче, девојче“ и „Сношти сакав да ти дојдам“. Домаќините под диригентската палка на Исмет Куртовиќ го продолжија концертот со неколку прекрасни бошњачки севдалинки, а на крајот гостите имаа прилика да уживаат и во вкусните бошњачки традиционални кулинарски специјалитети.

Последната културна манифестација што ја одржа МКД „Охридски бисер“ во оваа година беше „Денови на македонскиот филм“. Во рамките на манифестацијата беа прикажани документарните филмови „Австралија, Австралија“, „Оган“ и „ДАЕ“ и играните филмови „Црвениот коњ“, „Тетовирање“, „Среќна Нова ‘49“ и „Ципси Мецик“ во режија на Столе Попов. Поради заштеда на средства, проекцијата на филмовите беше организирана на 15 и 16 декември во просториите на Заедницата, но и покрај малиот простор, посетеноста беше голема.

Овогодишните активности се заокружија со прослава. На 19 декември, поточно на македонскиот празник „Св. Никола“, во новогодишно накитените простории на Заедницата, МКД „Охридски бисер“ организираше испраќање на старата година со весело заедничко дружење на членовите. По кусиот преглед на активностите што Друштвото ги одржа во 2012 година, членовите се расположија со македонски песни и ора. Се прераскажуваа интересни и смешни случки, се свиреше, пееше и неуморно играше...Трпезата како и секогаш, беше полна со домашни пити, зелници и кифлички, а имаше и слатки за сечиј вкус за што беа најзаслужни вредните Катерина, Јана, двете Виолети, Ивана, Цвета, Сузана, Калијана... Старата година симболично се испрати со чаша македонско вино, а се наздрави и за среќа и успех во Новата 2013 година.

Е. Петровска



# АКЦЕНТ (трет дел)

Акцентот во македонскиот стандарден јазик, по своите фонетски особености, е **динамичен** (експираторен), што значи дека него го одликува силината на гласовниот удар врз определен слог. По однос на местото во самостојните зборови тој е **определен** (фиксиран) и тоа на третиот слог од крајот на зборот, кога станува збор за трисложни и повеќесложни зборови, на пр.: *железарница, занимливост, невеста, ученик.*

Двосложните зборови се акцентираат на вториот слог од крајот на зборот, на пр.: *куќа, лице, мајка, оди, учи*.



Акцентот кај едносложните зборови е на единствениот слог, на пр.: *дол, нос, рог, сон*.

При зголемувањето на бројот на слоговите кај еден ист збор (со различни наставки) акцентот го менува слогот, при што се води сметка за третиот слог од крајот, на пр.: *учител – учителот – учителите; воденица – воденицата; станување – станувањето; препродавач – препродавачи* – препродавачите.

Покрај зборовите со сопствен акцент т.н. акцентогени, во македонскиот јзаик има извесен број зборови кои немаат акцент, т.н. клитики или неакцентогени зборови. Во неакцентогените зборови најчесто се вбројуваат: предлозите, сврзниците, кусите форми од личните заменки и кусата форма од повратната заменка, честичките, некои извици и др.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Македонски јазик*, Просветно дело АД, Скопје, 2001)

---

# Мала македонско-хрватска читанка



На 22 ноември 2012 година во салата на библиотеката Аугуст Цесарец во Загреб, загрепчаните имаа прилика да присуствуваат на претставувањето на книгата „Мала македонско-хрватска читанка 1“ – семинарски работи на студентите по кроатистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од Скопје, Република Македонија, во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, а отпечатена од скопската издавачка куќа „Магор“. Промоцијата ја организираше Македонско-хрватското здружение за промовирање na културнитевредности и врски „Спектрум“ од Загреб, во соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од Скопје и библиотеката Аугуст Цесарец.

Претседателката на „Спектрум”, Славица Коретиќ, ги поздрави гостите меѓу кои беа и новата амбасадорка на Република Македонија во Република Хрватска,Даниела Караѓозоска, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, Томе Апостолоски, претставници од МКД „Охридски бисер“ и други пријатели и вљубеници во пишаниот збор.




Малата македонско-хрватска читанка ја претставија проф. д-р Борис Павловски и проф. д-р Марко Самарџија од Филозофскиот факултет во Загреб и проф. д-р Људмил Спасов од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од Скопје, а беше прочитано и поздравно писмо упатено од м-р Желимир Циглар, професор и лектор по хрватски јазик и книжевност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

Извадоци од книгата читаа студенти од Катедрата за македонски јазик при Филозофскиот факултет во Загреб, а потоа гостите продолжија со дружењето на коктелот.

Е. П.

# Дедо Мраз и во „Билјана“



На 28 декември, пред проекцијата на македонски филм во МКД „Билјана“ во Задар беше организирано предновогодишно дружење со најмладите. Претставничката на македонското национално малцинство од Задарската жупанија, Мирјана Мајиќ, им подготви на децата и внуците на членовите на Друштвото новогодишни и божиќни пакетчиња.

Дедо Мраз беше некако слаб, ама затоа возрасните се снајдоа, па му ставија перниче на стомакот, да изгледа како симпатичниот дедо со бела брада кој го сакаат децата од целиот свет.

Предновогодишната и божиќната атмосфера беше „подгреана“ со песни и така се изроди весело дружење. Децата се почастија со соленки и сокови, а по насмевките на нивните лица можеше да се почувствува дека се задоволни.

- Се трудиме секоја година да ги изненадиме со подароците, меѓутоа оваа година беа малку поскромни. Но, не е важен подарокот ако е даден од срце, вели Мајиќ.

Следната година да биде уште поубаво, беа желбите и на возрасните и на децата.



# Посна трпеза за Бадник

Во МКД „Билјана“ и Бадник беше одбележан така како што тоа го наложува македонската традиција. Со посна трпеза и со заедништво на овој ден кој го најавува Христосовото рождество.

„Се договоривме во Друштвото сите да донесеме по нешто посно и за час се наполни масата со пити зелјаници, пити со спанаќ, со праз и уште многу други работи. А за да не заборавиме дека сме сепак во Хрватска, се најдоа и фритули“, велат од Друштвото.

Претседателката Мајиќ донесе погача со паричка. И тука се запази редот, да ја завртат погачата, а среќникот на кого оваа година ќе му биде бериќетна беше Дедо Мразот, Јован Николовски. Идната година неговата жена ќе прави погача за Бадник.

Весело со разговор и сеќавање како се слави Бадник во Македонија, за миг помина времето, со честитката „Христос се роди“.

# Василица и роденден

Ни тргна оваа година со средби и славење. На Василица нашата членка Јелена Петровиќ има роденден.

Веќе неколку години, како докажана домаќинка ни ја полни трпезата со разни специјалитети. Во питата стави паричка, зошто во Македонија за Василица се прави пита со паричка. Овој пат паричката ја доби една гостинка, која навистина беше среќна.

Се отвори шампањско, а за славеничката се запеа песна. Но тортата беше најубавиот дел од вечерта. Нека ни е жива и здрава Јелена, па и следната година да славиме, дури и само со кафе.

Така во „Билјана“ имавме двојна прослава. Нека ни е среќна Старата нова година – за многу години! Јелена, долго да ни живееш.

Мирјана Мајиќ



# Лиљана Дирјан – освежување на Македонската културна есен во Сплит

Повеќегодишната соработка помеѓу МКД „Македонија“ и хрватското здружение на граѓани КУРС од Сплит, резултираше со гостувањето на една од најзначајните писателки на македонската современа поезија и проза.

Лиљана Дирјан – авторка на 6 книги поезија и лирска проза, добитник на најголемата македонска награда за поезија „Браќа Миладиновци“, една е од основачите на Здружението на независните писатели на Македонија.

Од 2002 година е главен уредник на списанието „Сарајевски свески“ што повеќе од една деценија постои и работи на промовирање на соработката, дијалогот и интеркултуралната размена во регионот. Во Сплит престојуваше месец дена на покана на Здружението КУРС, како гостин на проектот „Писател во резиденција“ кој се финансира од Европската унија.

На 14 ноември 2012 г. на сплитската публика и на сплитските Македонци им се претстави во романтичното кафуле „Ле Монде“ во центарот на Сплит. Заедно со својот ценет колега од Сплит, писателот Предраг Луциќ и водителката Катја Грциќ, повеќе од час и пол ја воодушевуваа сплитската книжевна публика која уживаше во нивното претставување на тема: „Бои, дезени и



материјали на македонската поезија и како да му се помогне на машко заробено помеѓу туризмот и романтизмот“. Претпоставувате дека публиката замина „занемена“ од приказот на нивните случки и доживувања на овие две важни теми.

Со оваа културна вечер заврши манифестацијата „Македонска културна есен“ во Сплит која започна со отворањето на ликовната изложба на Росица Лазеска, академска сликарка од Скопје.

Биљана Митревски

---

# Дедо Мраз во Сплит

Веќе седма година Дедо Мраз ги посетува сплитските Македончиња. Традиционално во периодот помеѓу католичкиот Божиќ и Новата година, во просториите на македонското културно друштво „Македонија“ се собираат малите припадници на македонското национално малцинство со своите родители, баби и дедовци и со големо нетрпение го очекуваат доаѓањето на најмилиот гостин – Дедо Мраз.

Нестрпливо ослушнуваат кога ќе го слушнат она препознатливо „Хо, хо, хо“ и кога ќе



го видат симпатичниот старец со малку поголем стомак и со бела брада. Облечен во традиционалната црвена свилена облека, со црвена капа, и оваа година Дедо Мраз не ја заборави својата голема црвена вреќа полна со дарови за сите присутни кои имаа помалку од десет години. Кој би рекол дека во Сплит ги има околу педесет.

После поделбата на пакетчињата не се знаеше чија радост е поголемата – дали на децата или на возрасните, бидејќи и тие се туркаа за да се сликаат со „симпатичниот старец“. За спомен на овој настан и за закрепнување кога ќе се врати во својот дворец на северниот пол, на Дедо Мраз му врачија шише македонско вино за да се сеќава кога бил кај сплитските Македончиња на гости.

Биљана Митревски




# Вечер на шансони

Вечерта на 28 ноември 2012 година во Центарот за култура и информации Максимир во Загреб, нашата позната театарска и филмска актерка и пејачка Костадинка Велковска, придружувана на пијано од нејзиниот соработник, композитор и аранжер Тони Етеровиќ, одржа незаборавен концерт на шансони. Публиката полни два часа уживаше во извонредниот глас на Костадинка и концертот посветен на традиционални хрватски и македонски песни.

Со најава на Марин Сопта, на почетокот Костадинка го изведе Штолцеровиот монолог „Под маската“ од Крлежините „Глембаеви“, а потоа следеа песни од нејзиниот авторски албум „Moja priča“ (Мојата приказна), како и бројни познати шансони од Арсен Дедиќ, Јакша Фиаменго, Звонимир Голоб, францускатa „Жилиен“, кајкавски, славонски и далматински шансони. Изведбата на песната „Не дај се Коста“ која е напишана по познатата „Не дај се Инес“ на Дедиќ, ги воодушеви присутните. Концертот заврши со прекрасната изведба на неколку познати македонски песни „Зајди, зајди јасно сонце“, „Елено ќерко“, „Лихнида“, „Македонско девојче“ и други, во кои загрепската публика особено уживаше и неколку пати со бурен аплауз ја враќаше на бис.

Костадинка Велковска од 1974 година е член на сатиричкиот театар „Керемпух“ во Загреб. Досега одиграла бројни значајни улоги и добитничка е на многу награди меѓу кои е наградата „Златни смијех“ за улогата на Кате во „Свога тела господар“ на Деновите на сатирата.

Е. П.

# Македонски фолклор – божиќен дар за жителите на Дуги Рат

Дуги Рат, мало место покрај Омиш. Вака би гласел краткиот географски опис на ова прекрасно мало далматинско место. Човечкиот опис на ова место би гласел: Дуги Рат, место со најголемо срце и грижа за еден мал Македонец. Ова не го нагласуваме без причина, бидејќи кога на насловната страница на „Слободна Далмација“ излезе натпис и слика со петиција на 300 жители на Дуги Рат: „Не го даваме нашиот Македонец – Исо Броња“ настанаа нови нераскинливи врски меѓу граѓаните на Дуги Рат и Македонците од Сплит и Сплитско-Далматинската жупанија.




Целиот овој вовед го напишав за да не се помисли дека е случајност што МКД „Македонија“ започна една нова соработка со КУД „Далмација“ од Дуги Рат. Поканата која дојде од ова КУД на адресата на сплитските Македонци беше веднаш прифатена, како и поканата да бидеме ценети гости на традиционалниот Божиќен концерт на КУД „Далмација“ со нашата фолклорна група „Македонија“, солистите и оркестарот „Македо“.

Пред преполната кино сала во Дуги Рат, нашите „фолклораши“ настапија со две македонски кореографии, со музичка поддршка од оркестарот „Македо“ и од нашата солистка Ксенија Варводиќ Периш.

Со овој настап уште еднаш ја покажаа целта на нивното постоење и дејствување – промовирање на македонската култура, македонските обичаи, фолклор, песни и ора, што е секогаш добредојдено во Далмација, а и во целата Хрватска.

Биљана Митревски

# Мозаик од народи кој ветува среќа

Оваа година по 8. пат под покровителство на град Сплит, советите и претставниците на националните малцинства од Град Сплит и Сплитско-далматинската жупанија организираа прослава по повод „10. декември – Денот на човековите права“. До доцна во ноќта се славеше во сплитскиот ресторан „Болеро“, а на прославата присуствуваа околу 320 луѓе кои ги забавуваше познатата Олга Барбир со својот репертоар на песни и ора на сите национални малцинства.



„Веќе осум години се собираат на овој ден Словенците, Македонците, Бошњаците, Унгарците, Србите, Црногорците, Италијанците, Полјаците, Русите и Германците. Немаме доволно место за да ги примиме сите кои би сакале да присуствуваат на оваа прослава“ – истакна Ана Луниќ, претседателка на Советот на српското национално малцинство во Град Сплит, која беше дел од организацискиот тим.

Покрај разновидниот колорит на песни и ора од некогашните „татковини“ на малцинствата, се најде и понекоја „домашна“, далматинска. На настанот присуствуваа и многу истакнати сплитски интелектуалци. Така на пример, професорот Крешимир Сршен истакна дека „оваа вечер е мозаик од народи кој ветува среќа и иднина на сите во Хрватска“.

Биљана Митревски




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото




# Концерт за 55 години уметничка работа

Есма Реџепова-Теодосиевска, кралица на ромската музика, на 17 декември 2012 година со членовите на нејзиниот „Есмас“ бенд, ја воодушеви публиката во концертната сала „Ватрослав Лисински“ во Загреб, каде што го одржа првиот концерт од турнејата по повод 55 години музичка кариера. Харизматичната Есма со својот препознатлив импресивно емоционален глас ги дигна на нозе и ги разигра присутните со незаборавните „Џелем, џелем“ и „Чаје шукарије“, а со неа пееше и нејзината наследничка, 48-то по ред посвоено дете, Елеонора Мустафовска.

„Не случајно го одбрав Загреб за почеток на мојата турнеја. Тоа е затоа што својата прва плоча ја снимив за некогашен „Југотон“, а сега „Кроација рекордс“, па со загрепскиов концерт сакам да му се оддолжам на градот од каде што тргнав“, вели Есма. Таа за хрватскиот пазар издаде нов лимитиран ЦД со нејзините најголеми хитови „Essential 55“, во соработка со „Аквариус Рекордс“, а на концертот и беше врачена и посебна плакета со тоа издание. Есма досега објавила повеќе од 500 плочи, касети и ЦД албуми, одржала бројни настапи низ цел свет и снимила преку 1000 песни на кои во голем дел е потпишана како автор на музиката и текстот.

Најемотивен дел од концертот беше кога Есма се спушти во публиката и го истакна својот сензибилитет кон хендикепираните и лицата со посебни потреби. Оваа голема хуманитарка двапати е кандидирана за Нобеловата награда за мир, а добитничка е и на многу признанија и награди.

Полни два часа концертот обилуваше со топлина и позитивна енергија. По Загреб, Есма ја продолжува турнејата со концерти во Љубљана, Белград, Нови Сад, Подгорица, Сараево и на крај во Скопје, каде ќе и биде врачена златна скулптура на познатата птица на „Југотон“, која „Кроација рекордс“ ја изработи во чест на нејзината 55-годишна уметничка работа.

Е. П.




# „Пет капки од сонот“

Светски познатиот македонски филмски режисер и сценарист, Милчо Манчевски, беше гостин на One Take Film Фестивалот во Загреб – меѓународен фестивал на филмови снимени во еден кадар. По тој повод, на 21 ноември 2012 година, во просториите на Глиптотека на Хрватската академија на науките и уметностите, Мачевски имаше изложба на свои фотографии. Изложбата под назив „Пет капки од сонот“ е избор од илјадници фотографии кои Манчевски ги снимаше во периодот од 1999 до 2010 година, во вид на записи од секојдневни настани и сцени од патувања низ Индија, Азија, Африка, Америка, па сè до напуштеното Мариово во Македонија.

Режисерот на филмот „Пред дождот“ – лансиран од критичарите до номинација за „Оскар“ и награден со „Златниот лав“, беше скромен и ненаметлив за време на отворањето на изложбата, дозволувајќи им на гостите сами да ја откриваат убавината на моментите заробени во неговите фотографии.

Во 2008 година, по повод премиерата на неговиот филм „Сенки“, Манчевски во едно интервју рече: „Филмот патува и подалеку и побрзо од многу други облици на културна презентација.“ Посетителите на изложбата имаа можност да почувствуваат дека и неговите фотографии ги постигнуваат досезите на неговите филмови.

Марија Георгиева-Петриќ









Катлановска бања во 1937 г.













# КАТЛАНОВСКА БАЊА – ИЗВОР НА МЛАДОСТА

„Спомен за благодатите што ги дава оваа топла вода. Нека биде непресушна за светот што се развива и гради. Пред нас е вистински убав и чист вруток. Нека повелат гостите да ги измие (1317-1898)." Со овие зборови, напишани на арапски и врежани во стара камена плоча, скопскиот валија Хаф'з Мухамед Паша ги пречекувал гостите во Катлановската бања, односно денешната Специјална болница за физикална медицина и специјализирана медицинска рехабилитација.

Ако постои чудо во Македонија, тоа е катлановскиот „извор на младоста". Сместен сред куса и мошне живописна клисура, овој заштитен споменик на природата и еден од најпознатите македонски спа-центри се наоѓа во долниот тек на реката Пчиња, на Бањскиот рид над селото Катланово, на надморска висина од 230 м, оддалечен само 25 км југоисточно од Скопје, каде што се допираат медитеранската клима од југ и умерената континентална клима од север. Отворената пукнатина од неотектонско потекло, со должина од 350м и широчина до 30см, претставува реткост не само за Балканот, туку и во Европа, од која, некогаш и во млазови, клокотела и течела ладна и топла вода. Во лековитите терми или бањски води на отворено уживале уште од 340 година старите Римјани, потоа Византијците, па турските великодостојници, за што сведочат ниските столови со кружен облик издлабени во карпите. Бројни се изворите од кои избива пареа и термоминерална вода богата со натриум, калциум, хлор, сулфати и хидрокарбонати, а на изворот достигнува температура и до 64 степени. Таа има исцелувачка моќ и успешно лечи ревматизам, артритис и многу хронични кожни, невролошки, женски, ортопедски и болести на дишните органи.

„Катланово е котелот каде сонцето се раѓа. Ако нешто може да ме излечи, тогаш тоа е таму, помеѓу сонцето и водата" - зборови се на славниот император Јустинијан Први (483-565). Тој бил роден во Таурисиум каде изградил тврдина, а неговата мајка во Бадеријана. И денес овие села во катлановско ги имаат речиси истите имиња, Таор и Бадар.

Спојот на природните убавини збогатени со уметничките вредности се надградува во една хармонија на природата и делото на човекот. Катлановската бања, која само еден мост ја дели од селото Градманци, е туристичка атракција и со богатството на автохтониот растителен и животински свет од просторот на Катлановскиот предел вклучувајќи го и Катлановското блато, прекрасните видици, патеки за прошетка, спортскиот риболов, изворната архитектура, црквите, мноштвото чешми, но и фолклорот и културните манифестации. Оваа испреплетеност на културно и духовно задоволство овозможува вистински совршено доживување.

Е. Петровска